Извештај
за извршен надзор на законитоста на 18. 03. 2022
рабстата од областа на животната средина на
општина Гостивар за 2021год

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 18-1092/2 од 16.02.2021 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 18-1092/1 од 16.02.2021 година, го спроведе увидот со доставување на прашалникот електронски до општината и по пополнување на истиот ни беше доставен по пошта, врз основа на што го изготви извештајот за извршен увид на законитоста на работата во општина Гостивар.

Увидот на работата на општината Гостивар е извршен од страна на министерството врз основа на прашалникот и тоа за следните области од законите за животна средина преку доставениот потполнет прашалник:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина
2. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола
3. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на управување со отпадот.
4. Надзор на надлежностите на органите на општината, од областа на заштита на водите.
5. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита од бучава во животната средина

Контакт лице за прашалникот е Маја Анастасиеска.

*Во однос на првата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје која се однесува на спроведување на постапката за одобрување на елаборати за животната средина согласно прашалникот комисијата утврди дека:* Општина Гостивар се изјасни дека се спроведува постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина, се води регистер на издадени елаборати согласно правилникот. Лицето одговорно за одобрување на елаборати нема писмено овластување. Потребно е да се изготви писмено овластување.

*По однос на втората точка која се однесува на спроведување на постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи од страна на комисијата е утврдено дека* согласно активностите кои произлегуваат од Законот за животна средина општината се изјасни дека ја спроведува постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи, и достави писмено дека има одговорно лице кое нема овластување за издавање на дозволите. Потребно е општината да го овласти лицето кое ќе одговара на барањата за Б-ИЕД и ги издава дозволите. Имаат издадено 6 Б-ИЕД и имаат 5 во постапка.

*По однос на обврските согласно Законот за животна средина :*

-Немаат ЛЕАП бидејќи немале финансиски средства во буџетот на општината.

-Општината ја нема исполнето обврската согласно член 154 од ЗЖС, нема донесено надворешен план за вонредни состојби.

-Општината се изјасни дека има донесено План за спроведување на инспекциски надзор за 2021 година но не го достави во прилог.

-Општината имала назначено лице за овластен инспектор за животна средина.

-Се изјаснија дека немаат воспоставено катастер согласно член 42.

-Општината се изјасни дека имаат 4 мерни станици во Гостивар за мерење на амбиентален воздух кои ги мониторират.

-Општината се изјасни дека ја известува јавноста за состојбата во животната средина преку веб страницата.

*Согласно третата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за управување со отпадот:*

- Има донесено Регионалниот план за управување со отпад и е изработен за Русино

-Општината се изјасни дека нема донесено Програма за управување со отпад, која треба да ја изготвува јавното комунално претпријатие.

-Општината немала определено локација на која треба да се поставаат претоварни станици согласно член 37 од ЗУО.

-Општината не подготвува и не доставува консолидиран извештај со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности на собирање, транспортирање складирање, третман, преработка, отстранување и промет на отпадот согласно член 39 од ЗОУ.

-Во општината имало воспоставено и пропишано посебни правила за постапување со комуналниот и со другите видови на неопасен отпад на својата територија согласно член 43 од ЗОУ кои биле донесени при донесување на Годишната програмата на ЈП Комуналец се наведувале сите активности кои се преземале за тековната година.

-На територијата на општината има основано јавно претпријатие за собирање транспортирање и третман на комуналниот и други видови на неопасен отпад ЈП „Комуналец" Гостивар кое поседува дозвола за вршење на дејност собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад.

- Во општината инертниот отпад го менаџирал приватен концесионер кој менаџира за транспорт , третман „Магнум транс" -Гостивар.

- Општината се изјасни дека нема организирано информативен систем на локално ниво, со кој се обезбедува собирање и презентирање на податоци за општата состојба во врска со управувањето со неопасниот отпад согласно член 113 од ЗУО, податоците со кои располага општината од областа управување со отпад ги објавува на Веб страна.

- општината се изјасни дека не води Катастар за својата територија, во кој ќе се евидентираат создавачите на неопасен отпад согласно член 116 од ЗУО

-Општината имала склучено договор со правно лице колективен постапувач за управување со електрична и електронска опрема-ЕЛКОЛЕКТ(КОЈА НЕ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА) , имала склучено договор со Пакомак за пакување и отпад од пакување.

-Општината имала склучено договор со правно лице за управување со отпад од батерии и акумулатори со ЕЛКОЛЕКТ.

-Општината не достави информации за тоа дали спроведува инспекциски надзор во областа на животната средина од страна на вработениот овластен инспектор за животна средина и дали истиот поседува лиценца за вршење на надзор.

Нема регистрирано правно лице кое поседува дозвола за самостојно постапување со отпад од пакување.

-Овозможува остварување на правото на пристап до јавни информации преку печатен и електронски медиум.

Во однос на систематизација на работни места на општината во делот на животната средина, општината имала вработено и ангажирано само едно лице Советник за заштита на животната средина кое работи на целокупната материја.

*Согласно четвртата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Гостивар, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за водите:*

-Општината има прибавено водно право дозвола за користење на води согласно член 26 и 28. но нема прибавено Дозвола за испуштање отпадни води или за испуштање или фрлање материи и супстанции во реципиентите согласно член 79 од ЗВ.

-Општината при издавање на Б интегрирани еколошки дозволи утврдува дали инсталацијата за активностите и дејностите за кои се издава дозвола за користење (член 26) и дозвола за испуштање (член 79) ги има прибавено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

-Од страна на Владата на РСМ донесена е Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток„ мерки за заштита, услови, начин на водоснабдување на заштитните зони и картографски приказ („Службен весник на РМ бр.89 од 16.05.2018).

-Општината во прашалникот има одговорено дека при изработка на урбанистичките планови задолжително се изработуваат ажурирани геодетски подлоги кои како податоци првично се земаат од катастар, а потоа се прави ажурирање на опфатот кој се изработува со кој се опфаќаат заштитните зони, магистрални улици, железнички пруги, индустриски зони.

Во однос на член 116 и обезбедување ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води и дали се подложни на потребниот предтретман во прашалникот е одговорено дека на територијата на општина Гостивар не постои индустија која во нивниот процес има вода и индустриски отпадни води.

-Во прашалникот не е наведено дали општината врши одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајќи го и отстранувањето на тињата, и дали се врши пречистување согласно член 113 од ЗВ и дали има изработено предлог Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води согласно член 114 од ЗВ.

Во однос на Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ и мерките за заштита е одговорено во прашалникот дека се изработени Програма и план за активностите на Општина Гостивар во областа на заштитата и спасувањето, во подрачјето на Општина Гостивар како и дека има Процена на загрозеност на територијата на општина Гостивар од природни непогоди и други несреќи и мерки за заштита и спесување.

- Во прашалникот е одговорено дека Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави согласно член 126 ЗВ е во фаза на изработка.

- Општината има донесено Одлука за определување на крајбрежниот појас на водотеците во градот гостивар и населените места во општината опфатени со урбанистички планови со бр. 08-2139/1 од 14.09.2015 година.

Од страна на ЈНДП изработена е студија за заштита од ерозија во критичните места во селата Балиндол и Чегране-општина Гостивар, но Советот на општината на територијата под нејзина надлежност нема определено границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија, нема утврдено мерки и работи за заштита на земјиштето од ерозија и нема уредување на пороите, врз основа на техничка документација согласно член 135 од ЗВ.

- Во прашалникот е одговорено дека општината не превзема мерки за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје.

- Општината секоја година до крајот на септември не врши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата.

- Општината нема донесено Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и не доставува податоци до министерството од мониторинг од локалната мрежа.

-Водата за пиење ја обезбедуваат преку водоводен систем од изворот од с.Вруток па се до централното градско подрачје и околните села, преку странски донации обезбедени се средства за проширување на постојаната мрежа и обезбедување на поквалитетна вода за пиење преку филтерстаницата која е во с.Вруток (во изработка е и втора фаза од изградба на филтер станицата). Општината има основано јавно претпријатие ЈКП Комуналец Гостивар за вршење на дејноста и работењето и одржувањето на системите за водоснабдување и снабдувањето со вода за пиење согласно член 185.

- Општината во прашалникот има одговорено дека реализира инспекциски надзор во областа на водите (согласно член 229).

Евентуалните предизвици со кои се соочува општината во врска имплементацијата на овој закон е Потребата од големи финансиски средства кои се потребни за да се санираат коритата на сите водотеци, поставување на мониторинг системи за следење на состојбата од поплави, изградба на пречистителни станици за отпадните води.

*Согласно петата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Гостивар, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од областа на заштита од бучава во животната средина :*

-Општината при издавање на одобренија за градба утврдуваат дали планските документи за објектот што се предмет за одобрение за градба ги исполниле посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита одбучава согласно член 23 од ЗЗБЖС, и дали води Катастар на создавачи на бучава согласно член 35 од ЗЗБЖС

-Општината нема склучено договор со овластено правно лице за мерење на бучава.

-Општината не превзема други активности за заштита од бучава согласно законот.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги увиде следниве недостацои кои е потребно општината да ги отклони и за тоа да го извести министерството, и даде неколку препораки:**

- Се препорачува вработениот во областа за заштита на животната средина да продолжи да работи согласно законските прописи Но потребно е да се опфаќаат сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината, а кои произлегуваат пред се од Законот за животна средина, Законот за управување со отпадот, Законот за водите, Законот за заштита од бучавата во животната средина и останатите закони од областа на животната средина, во спроведување на постапките каде беше константирано дека не се спроведуваат, потребно е да се постапи согласно заклучокот на Влада и да се систематизираат работни места на кои ке бидат вработени или распоредени извршители кои ке работат на областа на заштита на животната средина, бидејки еден вработен не доволно да ги опфати сите активности и обврски.

-Да се донесе ЛЕАП

Општината да ја исполни обврската согласно член 154 од ЗЖС, да се донесе надворешен план за вонредни состојби.

-Да се прати Планот за инспекциски надзор и извештај за извршен инспекциски надзор за 2021 година.

*Од областа управување со отпад комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:*

-Општината да отпочне со водење катастар за својата територија, каде ќе се евидентираат создавачите на неопасен отпад, што подразбира исполнување на обврската од член 116 од ЗУО.

-Потребно е Општината да превземе активности согласно членот 43 став (3), во иднина да им овозможи на граѓаните кои ги опслужува да го селектираат отпадот според видот и нивните карактеристики.

-Општината е потребно да пристапи кон склучување на договор со правно лице за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, со што би се овозможило вклучување во колективен систем за управување со посебни текови на отпад, бидејКи Договорот склучен соправното лице ЕЛКОЛЕКТ се зема за неактивен.

-ЕЛКОЛЕКТ не поседува Дозвола за колективен постапувач за управување со отпад од електрична и електронска опрема, врз основа на наведеното Општината е потребно да пристапи кон склучување на договор со правно лице кое ја поседува именуваната дозвола.

*Во областа на водите комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:*

- Општината преку формираното јавно комунално претпријатие Комуналец Гостивар да прибави Дозвола за испуштање отпадни води или за испуштање или фрлање материи и супстанции во реципиентите согласно член 79 од ЗВ. Исто така Општината или ЈКП Комуналец Гостивар за издадената дозвола за користење за вода, шест месеци пред истекот на рокот на дозволата да достави барање до Министерството за животна средина и просторно планирање за нејзино продолжување.

-Согласно член 98 став 4 ЗВ Општината во урбанистичките планови на општината да ги прикажува картографски заштитните зони кои се определени со Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Вруток„ мерки за заштита, услови, начин на водоснабдување на заштитните зони и картографски приказ („Службен весник на РМ бр.89 од 16.05.2018).

- Потребно е општината да донесе Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води согласно член 114 од ЗВ и да врши одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајки го и отстранувањето на тињата и да врши пречистување на отпадните води согласно член 113 од ЗВ.

- Општината да донесе Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ (која треба да содржи изградба на насипи, акумулации, регулација на реки, уредување на порои, заштита на земјиште од

ерозија, пошумување и сл.) и да се преземаат мерките за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја согласно оваа програма.
- Општината по изработката на Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави да го достави до Министерство за животна средина и просторно планирање.
- Советот на општината на територијата под нејзина надлежност потребно е да ги определи границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија како и да ги утврди мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозиа и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација согласно член 135 од ЗВ и да ги презема мерките за заштита на ерозивни подрачја.Општината да превзема мерки за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје согласно член 141 од ЗВ.
- Согласно член 133 секоја година до крајот на септември општината да изврши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата. Доколку водотеците не обезбедуваат непречен проток се преземат мерки од страна на општината.
- Општината согласно член 131 во населените места има можност да го определува крајбрежниот заштитен појас за водотеците по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и да го уреди согласно член 132.
-Потребно е согласно член 143 општината да изработи, доставува и објавува извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.
- Општината потребно е да донесе Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и редовно да доставува податоци од мониторинг согласно член 156 ЗВ.

- Се препорачува во општината да се овозможи учество на стручни обуки на вработените во општината кои работат во делот на заштитата на животната средина се со цел зајакнување на капацитетите за спроведување на законските прописи за заштита на животната средина на локално ниво. Да се постапи согласно Заклучокот на Влада за систематизирање на нови работни места согласно големината на општината како би се опфакале сите области согласно обврските од законите.
-Во рок од 6 месеци Општина Гостивар треба да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање за превземените активности согласно утврдените недостатоци во однос на имплементацијата на надлежностите.

Скопје, 2021 година

Комисија:
Тања Кироска Филиќ_____________
Даниела Наумоска, _____________
Александар Петковски, __________
Даниела Ристова,_____________
Ирена Николовска _____________